РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Основно општинско училиште: ООУ „Ванчо Прке " – Штип

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ"161/2019 и 229/20 година) Општинското основно училиште „Ванчо Прке", Штип изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2 години. За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 10.02.2025 година формираше Комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. Вилма Ничева, стручен соработник
2. Анета Едровска, стручен соработник
3. Јасминка Дурдубакова, предметен наставник
4. Јулија Читкушева, одд. наставник
5. Милена Авукатова, родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот февруари - јуни 2025 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

Подрачје	Членови на тимот
1. Планирање, настава и учење	1. Весна Ничева, одговорно лице 2. Лидија Ристовска 3. Горица Стојанова 4. Васка Дербова 5. Сузе Папарова 6. Сања Николова
2. Постигања на учениците	1. Јадранка Јовева, одговорно лице 2. Розита Димова 3. Емица Витанова 4. Розе Стојева
3. Училишна клима и односи во училиштето	1. Даниела Ѓошева, одговорно лице 2. Марица Рунтева 3. Анета Анѓеловска 4. Билјана Филипова 5. Елизабета Димова 6. Петар Рамбабов
4. Управување и раководење	1. Ели Трајчева, одговорно лице 2. Ана Стоилова Ал Шбул 3. Анета Спирова 4. Јасмина Огнанова

Општи податоци за испитаниците

Катергорија на испитаници	Вкупен број анкетирани
Наставници	83
Ученици	267
Родители	430

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, набљудување, анализа на потребната документација, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа опис на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму се темелеше изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 4.07.2025 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Анкетните прашалници беа вреднувани по следната скала:
1. Целосно се согласувам
2 .Се согласувам
3. Не се согласувам
4. Целосно не се согласувам
5. Не знам/немам информација

Примери од поставени прашања/тврдења од анкетни прашалници за ученик, родител и наставник:

1.Подрачје: Планирање , настава и учење

- Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. (Целосно се согласувам 20,7%, се согласувам 65,9% , не се согласувам 11% , целосно не се согласувам 1,2% , не знам/немам информација 1,2%)
- Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете (Целосно се согласувам 43,6%, се согласувам 40,5% , не се согласувам 11,4% , целосно не се согласувам 0,9% , не знам/немам информација 3,6%)
- На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме, прашања, дискутираме, работиме во групи). (Целосно се согласувам

35,5%, се согласувам 48,1% , не се согласувам 0% , целосно не се согласувам 14,9% , не знам/немам информација 1,5%)

2. Подрачје: Постигања на учениците

- На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето (Целосно се согласувам 50 %, се согласувам 46,3% , не се согласувам 2,4% , целосно не се согласувам 0% не знам/немам информација 1,2%)
- На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа (Целосно се согласувам 33,6%, се согласувам 41,6% , не се согласувам 10,9% , целосно не се согласувам 3,1% , не знам/немам информација 20,9%)
- Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште. (Целосно се согласувам 43,3%, се согласувам 43,3% , не се согласувам 9,6% , целосно не се согласувам 1,1% , не знам/немам информација 2,7%)

3. Подрачје: Училишна клима и односи во училиштето

- Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка (Целосно се согласувам 26,8%, се согласувам 59,8% , не се согласувам 11% , целосно не се согласувам 1,2% , не знам/немам информација 1,2%)
- Моето дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици (Целосно се согласувам 48,8%, се согласувам 46,2% , не се согласувам 1,9% , целосно не се согласувам1,2% , не знам/немам информација 1,9%)
- Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно. (Целосно се согласувам 35,2%, се согласувам 41,8% , не се согласувам15,3% , целосно не се согласувам 5% , не знам/немам информација 2,7%)

5. Подрачје: Управување, раководење и креирање политики

- Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно со моите потреби (Целосно се согласувам 33,7%, се согласувам 54,2 , не се согласувам 7,2% , целосно не се согласувам 3,6% , не знам/немам информација 1,2%)
- Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен (Целосно се согласувам 36,7%, се согласувам 44,3% , не се согласувам 10,9% , целосно не се согласувам 3,3% , не знам/немам информација 4,7%)
- Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период. (Целосно се согласувам 22,2%, се согласувам 46,4% , не се согласувам 19,9% , целосно не се согласувам 5%, не знам/немам информација 6,5%)

Во согласност на четирите подрачја и врз основа на нотираните слаби страни беа дефинирани следните приоритетни содржини:

1. Зголемување на видливоста и бројот на реализирани активности поврзани со меѓуетничката интеграција преку поголема промоција и вклученост на сите засегнати страни;

2. Обезбедување усогласен пристап на сите наставници во поддршката на учениците, со цел да се намали бројот на ученици кои не чувствуваат сигурност или доверба да побараат помош;
3. Употреба на иновативни наставни методи и алатки за дифенциран пристап во наставата;
4. Да се изнајдат форми и методи на настава за подобрување на постигањата кај учениците од турска и ромска националност избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби;
5. Преземање на активности за надминување на проблемот со зголеменото отсуството кај учениците од ромска националност;
6. Изготвување план и стратегија за поттикнување на учениците за поголемо вклучување и учество на Ученичкиот парламент во преземање на поголем број иницијативи и предлози за подобрување на работата на училиштето;
7. Подобрување на хигиената;
8. Подобрување на информираноста на родителите во врска со донесените одлуки од страна на Училишниот одбор;
9. Подобрување на информираноста на родителите и наставниот кадар во врска со трошењето на училиштниот буџет;
10. Утврдување на внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата од страна на училиштето;
11. Да се изнајдат форми и методи на настава за подобрување на постигањата кај учениците од турска и ромска националност избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби;
12. Преземање на активности за надминување на проблемот со континуираното зголемување на отсуството кај учениците од ромска националност;

Директор
Кокан Радев

Општинско основно училиште „Ванчо Прке" Штип Република Северна Македонија